

Попреченоста во медиумското известување – огледало на општествените перцепции

Финални наоди од мониторингот на медиумите за застапеноста и за начинот на покривање на лицата со попреченост

Автори:
Весна Никодиноска
Владо Крстовски

Автори:
Весна Никодиноска
Владо Крстовски

Методологија: Верица Рупар

Истражувачи:
Владо Крстовски
Василка Димоска
Маја Гацоска
Дејан Андонов
Бојан Георгиевски

Лектор: Виолета Караџовска- Стојанова

Дизајн: Милош Петров

Оваа публикација е изработена од Институтот за медиуми и различности (МДИ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ), како дел од проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“, што е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност единствено на Институтот за медиуми и различности (МДИ) и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Попреченоста во медиумското известување – огледало на општествените перцепции

Финални наоди од мониторингот на медиумите за застапеноста и за начинот на покривање на лицата со попреченост

Содржина

1. Вовед 06

2. За проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“ 08

3. Цел на истражувањето и методологија 10

4. Мониторинг на медиумите: недоволен број содржини посветени на лицата со попреченост 11

5. Основни наоди од спроведените интервјуа 24

6. Заклучок 31

7. Препораки 35

1. Вовед

Социјалните политики за подобрување на положбата на лицата со попреченост доживеаја суштински промени на меѓународно ниво во текот на изминатите две децении. Ова резултираше со унапредување на легислативата и институционалната рамка на европско и на национално ниво, што го вклучува концептот на социјалната инклузија и еднакво учество на лицата со попреченост во секојдневниот живот на еднаква основа со другите граѓани. Соодветното претставување на лицата со попреченост во медиумите и подигнувањето на јавната свест за прашањата поврзани со нив, исто така имаат значајно влијание врз градењето на генералните перцепции за овие лица.

Денес на попреченоста се гледа низ призмата на човековите права, односно признавањето на основното право на лицата со попреченост целосно да учествуваат во социјалниот, културниот, политичкиот и економскиот живот на заедницата. Државите треба да развиваат цврсти социјални политики и политики за социјална инклузија, кои задолжително треба да вклучат аспекти во однос на лицата со попреченост. Значаен дел од овие стремежи е подигнувањето на јавната свест за правата и можностите на лицата со попреченост и промена на начинот на кој другите ги перципираат. Голема улога во тоа имаат медиумите што ги портретираат лицата со попреченост и известуваат за прашањата поврзани со нивните човекови права. И покрај тоа, овие граѓани сè уште се една од најмаргинализираните групи: многу од нив немаат еднаков пристап до здравствена заштита, образование, вработување, ниту до социјални услужни служби што се поврзани со нивната попреченост. Предрасудите од околината се дополнителен фактор што ја отежнува нивната положба во општеството.

Во Република Северна Македонија во последните години постојат повеќе иницијативи за унапредување на правата на лицата со попреченост во рамките на секторите социјална заштита, деинституционализација, како и образование. Обврските што се преземени со ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во 2011 година се интегрирани во стратегиите за развој на аудио и аудиовизуелна дејност, за деинституционализација, за образование и за недискриминација. Од другите меѓународни документи, значајни се заклучните согледувања што Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост ги упати кон надлежните институции во државава при разгледувањето на иницијалниот државен извештај за имплементацијата на Конвенцијата (септември 2019 година). Комитетот посочи загрижености поради недостигот од национална политика и стратегија за подигнување на свеста за попреченоста и недоволно напори за спречување и борба против стереотипите за попреченоста и дискриминацијата по оваа основа, а утврди постоење само на ад хок активности за подигнување на свеста, кои се фокусираат на оштетувањето, наместо на правата, а го зајакнуваат милосрдниот

пристап кон попреченоста. Поради тоа, Комитетот препорача државата да усвои национална политика и стратегија за подигнување на свеста за попреченоста, со цел спречување и борба против дискриминацијата што ја доживеале лицата со попреченост, преку учество на лица со попреченост, насочено кон борба против стигмата и стереотипите, како и развивање континуирани кампањи за Конвенцијата во јавниот и во приватниот сектор и меѓу лицата со попреченост и нивните репрезентативни организации. Комитетот, исто така, препорача државата да размисли за усвојување закон за право на пристап до информации и за отстранување какво било ограничување, кое ги спречува лицата со попреченост слободно да бараат, да примаат и да пренесуваат информации и идеи на еднаква основа со другите, вклучително и на онлајн платформите.

Како одговор на препораките на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост, Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН во 2019 година предвиде неколку мерки за реализација што треба да се спроведуваат во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Здружението на новинари на Македонија. Предложените мерки опфаќаат: сензибилизација на медиумските регулатори за правата и потребите на лицата со попреченост, едукација на радиодифузерите за правата на лицата со попреченост, постојани кампањи за подигање на свеста за правата на лицата со попреченост, укажување до медиумите нивните веб-страници да бидат во пристапен формат.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2019 година ја подготви Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност (2019–2023), со цел да ги одреди насоките на своето дејствување и подобрување на голем број од аспектите во областа на медиумите. Во делот насловен како „Заштита на човековите права во медиумските содржини“, предвидено е цело поглавје „Проширување на пристапноста на медиумските услуги и содржини“, кое се однесува на лицата со попреченост, особено на лицата со оштетен вид и со оштетен слух.

Со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација од 2019 година, се прошируваат основите за дискриминација, подобро се дефинира дискриминацијата, а се професионализира и Комисијата за заштита од дискриминација, која ќе треба да работи и на превенцијата, освен на заштита од дискриминација. Попреченоста е директно посочена како дискриминаторска основа, а во дефиницијата за дискриминација е вклучено и оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.

Со Националната стратегија за деинституционализација „Тимјаник“ 2018-2027 е предвидена трансформација на системот на институционална грижа кон систем за социјална грижа во семејството и заедницата со поддршка од социјалните служби, односно затворање на институциите и истовремен развој на социјалните услуги во заедницата, чијашто функција се темели на стандардите за човековите права.

Во Стратегијата за образование 2018-2025, државата ќе се залага да обезбеди сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование за сите ученици, а дел од приоритетите се насочени кон зголемување на опфатот на деца со посебни образовни потреби во предучилишното, основното, средното и во високото образование.

2. За проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“

Проектот **„Попреченоста е прашање на перцепција“** го спроведува **Институтот за медиуми и различности од Лондон** заедно со **Македонскиот институт за медиуми** и **Националниот совет на инвалидски организации на Македонија**, со цел зајакнување на видливоста на лицата со попреченост во медиумите. Проектот гледа на видливоста на лицата со попреченост во медиумите како на неопходен предуслов за нивно активно учество во јавниот живот и еднаков третман во остварувањето на правата и слободите. Проектот е дизајниран на начин да одговори на околината во која ослабената улога на медиумите како заштитници на јавниот интерес во Северна Македонија, од една страна, и тешката клима во која работат граѓанските организации, од друга, го стеснија медиумскиот простор за итните потреби на загрозените групи и влијаеја врз погрешните перцепции на граѓаните во препознавањето на постојната дискриминација.

Во отсуство на квалитетно известување, перцепцијата за лицата со попреченост и за нивните потреби останува доминантно субјективна и подложна на предрасуди, а со тоа често и контрапродуктивна. „Невидливоста“ на лицата со попреченост во медиумите го спречува нивното вистинско учество во јавниот живот и целосното практикување на нивните човекови права и на социјалната инклузија. Поради тоа, проектот имаше цел да понуди решенија и да осигури предуслови за намалување на „невидливоста“ на лицата со попреченост во медиумите, преку:

- Зголемување на ефективноста на граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост преку поттикнување активен пристап во комуникацијата со медиумите;
- Унапредување на разбирањето и на вештините за практикување инклузивно новинарство од страна на новинарите;
- Поставување повисоко на политичката агенда на темите што се однесуваат на „невидливоста“ на лицата со попреченост во медиумите.

Партнерите во проектот се одлучија за „партиципаторен“ пристап – сензитивизирање и зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни, обезбедување одржлива мултисекторска соработка и подигање на јавната свест. Намерата беше да се вклучат сите целни групи и актери, стимулирајќи здружување на постојните ресурси, на внатрешните потенцијали и поттикнувајќи соработка.

Проектот придонесе кон подобрување на вештините и знаењето на двете клучни засегнати страни, поттикнувајќи ги од една страна **новинарите** да известуваат за попреченоста почитувајќи ги принципите на инклузивното новинарство, а од друга, **граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост** да комуницираат со медиумите поефективно, преку користење и на традиционалните и на новите медиуми, со цел да допрат до публиката и да ја подигнат свеста за состојбата со правата на лицата со попреченост.

Целта на проектот е да ја зајакне соработката меѓу овие две засегнати страни и да им помогне да создадат долгорочни релации. Сите проектни активности водеа кон подигање на свеста во **јавноста** за потребите и правата на лицата со попреченост преку продукција на различни медиумски содржини, активности на социјалните медиуми и иницијативи на организации што работат во нивните заедници. Проектот ги адресираше и **креаторите на политики**, особено преку Препораките за политики, што се однесуваат на подобрување на политиките за правата на лицата со попреченост, особено во медиумската сфера, со цел да се посочи на недоволното медиумско известување за лицата со попреченост. Тие беа споделени со **носителите на одлуки** на конференцијата одржана по повод одбележувањето на меѓународниот Ден на правата на лицата со попреченост. **Лицата со попреченост** имаа можност преку проектот да го подобрат разбирањето на јавноста за темите што нив ги засегаат и да овозможат јавниот сектор и индивидуалците да бидат поефикасни при застапувањето на правата на лицата со попреченост.

Со цел да придонесат кон зголемување на знаењето и ресурсите за оваа тема, партнерите во проектот го создадоа и прирачникот „Попреченост: На виделина“, наменет за граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост. Оваа анализа, исто така, придонесува кон подобро разбирање на актуелната состојба и може да даде насока за следните активности во оваа област. Онлајн платформата www.aktiv.mk служи како ресурсна точка за сите документи, вести и информации за активности подготвени за време на спроведувањето на проектот.

Проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“ е финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, со времетраење од јануари 2018 до јануари 2020.

3. Цел на истражувањето и методологија

Целта на оваа анализа е да се утврди застапеноста и начинот на известување на медиумите за лицата со попреченост. Во таа насока беше направен мониторинг на девет медиуми на македонски и на албански јазик: „Слободен печат", ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ Тера, СДК.мк, ТВ Алсат-М на албански јазик, ТВ Коха, весникот „Коха" и Порталб.мк[1] во периодот од 1-ви до 30 септември 2019 година. Медиумите беа избрани врз основа на нивната гледаност/слушаност/читаност и влијанието што го имаат кај публиката. Кај телевизиите беа мониторирани централните информативни изданија, додека, пак, кај весниците и кај онлајн медиумите се разгледуваа сите рубрики, освен оние за случувањата надвор од државата.

Дополнително, беа направени и 18 длабински интервјуа со претставници на институциите, на граѓанските организации и на медиумите, со цел да се истражат ставовите, искуствата и постојните практики на соработка меѓу различните актери, да се дадат предлози за унапредување на механизмите на соработка меѓу нив и на тој начин да се придонесе кон поголема застапеност на лицата со попреченост во медиумите.

[1] „Слободен печат" е дневен весник на македонски јазик, кој има најголем тираж меѓу дневните весници во државата (www.slobodenpecat.mk), додека, пак, весникот „Коха" на албански јазик е најтиражен меѓу весниците на албански јазик (www.koha.mk); ТВ Сител е терестријална телевизија што емитува на национално ниво и има најголема гледаност (24,24% според Media Sustainability Index (MSI) 2018); ТВ Алсат-М е терестријална телвизија што емитува на национално ниво, на албански и на македонски јазик и има гледаност 5,44% (според MSI 2018); ТВ Телма е терестријална телевизија што емитува на национално ниво, има конзистента и неутрална уредувачката политика (гледаност 3,57%, според MSI 2018); ТВ Коха е регионална телевизија на албански јазик (удел во гледаноста во регионот – 5,07% и во вкупната гледаност – 0,58%), а ТВ Тера е регионална телевизија на македонски јазик (удел во гледаноста во регионот – 2,85% и во вкупната гледаност – 0,46%) (податоците за регионалните телевизии се земени од Истражувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2019); СДК.мк и Порталб.мк се портали на македонски и на албански јазик, кои нудат информативни содржини и имаат значаен досег до корисниците.

4. Мониторинг на медиумите: недоволен број содржини посветени на лицата со попреченост

Анализата на податоците од мониторингот беше спроведена во две фази: прво, во периодот од 1-ви до 15 октомври 2019 година, во мониторираните медиуми беа издвоени сите текстови и прилози што се однесуваат на теми поврзани со чувствителните и маргинализираните групи, односно со теми што ја адресираат попреченоста, етничката припадност, религијата, полот, сексуалната ориентација или возраста. Од тој „универзум" на прилози и текстови, во втората фаза истражувањето се фокусираше само на оние содржини што се однесуваат на попреченоста и тие беа подетално анализирани во периодот од 15 октомври до 1-ви декември 2019 година.

Во првата фаза беше утврдено дека на сите пет медиуми на македонски јазик биле објавени 96, а на медиумите на албански јазик 80 содржини поврзани со аспектите попреченост, етничка припадност, религија, пол, сексуална ориентација, години/возраст.

Табела 1.
Содржини поврзани со ранливите и маргинализираните групи кај мониторираните медиуми

	Медиуми на македонски јазик	Медиуми на албански јазик
I фаза (попреченост, етничка припадност, религија, пол, сексуална ориентација, години/возраст)	**Вкупно** 96	**Вкупно** 80
	ТВ Сител 23	Коха (весник) 28
	ТВ Тера 22	ТВ Алсат-М 21
	СДК.мк 19	Порталб.мк 20
	ТВ Телма 17	ТВ Коха 11
	Слободен печат 15	

Притоа, во мониториранот период од медиумите на македонски јазик најмногу прилози и текстови поврзани со чувствителните и со маргинализираните групи објавиле националната терестријална телевизија Сител (23) и регионалната ТВ Тера (22). ТВ Сител е телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, која има најголема гледаност во државата, а во своите централно-информативни изданија, освен што известува за политичките, економските и општествените актуелности, вообичаено отстапува простор и за социјални стории од целата земја што се однесуваат на теми од интерес за оваа анализа. ТВ Телма, исто така, има претежно забавен општ формат, а нејзините вести со години имаат критичко-неутрален курс, покривајќи широк спектар разновидни теми, вклучително и социјални стории. ТВ Тера е регионална телевизија со претежно забавен општ формат, единствена регионална што емитува програма во овој радиодифузен регион и адресира вести и информации од овој регион.

Сличен број содржини биле објавени на порталот СДК.мк (19), на националната терестријална ТВ Телма (17) и во весникот „Слободен печат“ (15). Сите овие медиуми имаат национален досег и редовно објавуваат информации за овие групи граѓани. Доминантен дел од содржините, освен на попреченоста се однесувале и на теми поврзани со возраста, со етничката припадност и со полот.

Во медиумите на албански јазик во првата фаза најмногу текстови за чувствителните и за маргинализираните групи беа објавени во весникот „Коха“ (28), на ТВ Алсат-М (21 прилог), на Порталб.мк (20), додека, пак, на ТВ Коха – 11 прилози. Весникот „Коха“ е најчитаниот весник на албански јазик во државата, додека, пак, ТВ Алсат-М е приватна терестријална телевизија што емитува на национално ниво, на македонски и на албански јазик. Во оваа анализа беа мониторирани централните вести на албански јазик, кои се слични со вестите што телевизијата ги емитува на македонски јазик. Телевизијата има неутрална уредувачка политика, а во вестите покрива разновидни теми од јавен интерес.
Инаку, во мониториранте прилози на албански јазик, најголемиот дел од објавените прилози и текстови биле на темите етничка припадност, пол, возраст и религија.

Во втората фаза истражувањето се фокусираше на сите содржини што се однесуваа исклучиво на попреченоста и тие беа подетално анализирани од аспект на темата, изворот на информациите, атрибуцијата (како се опишани лицата со попреченост), беше разгледувано дали има цитат од лице со попреченост и каков е тонот на прилогот/текстот. Бројот на прилози и текстови одвоени во оваа фаза, што се однесуваа специфично на попреченоста, објавени во сите девет медиуми на македонски и на албански јазик во текот на септември, бил мал: во медиумите на македонски јазик просечно биле објавени по пет содржини, со отстапка само кај неколку медиуми кај кои имало повеќе од десет прилози, а кај медиумите на албански јазик биле објавени една до две содржини во целиот мониториран период.

Табела 2.
Содржини поврзани со попреченоста кај мониторираните медиуми

	Медиуми на македонски јазик	Медиуми на албански јазик
II фаза (прилози/текстови на тема попреченост)	**Вкупно** ..... 38 (39,5% од вкупниот број содржини селектирани во првата фаза) ТВ Сител ..... 13 ТВ Тера ..... 5 СДК.мк ..... 9 ТВ Телма ..... 6 Слободен печат 5	**Вкупно** ..... 6 (7,5% од вкупниот број содржини селектирани во првата фаза) Коха (весник) ..... 2 ТВ Алсат-М ..... 1 Порталб.мк ..... 2 ТВ Коха 1

Попрецизно, кај медиумите на македонски јазик од вкупно 96 текста и прилози, 38 содржини се однесувале конкретно на попреченоста, 43 на возраста, осум се однесувале на етничката припадност, а седум на полот. Кај медиумите на албански јазик, само шест содржини од вкупно 80 се однесувале на попреченоста. Најмногу текстови и прилози се однесувале на етничката припадност, а потоа на теми поврзани со полот и возраста. Имало само една содржина што адресирала тема поврзана со религијата.

Табела 3.
Број на содржини што се однесувале на ранливите и на маргинализираните групи според мониторираните категории

	Медиуми на македонски јазик	Медиуми на албански јазик
Попреченост	38	6
Возраст	43	12
Етничка припадност	8	42
Пол	7	19
Религија	0	1
Вкупно	96	80

4.1. Здравството и образованието – најчести теми што се однесуваат на лицата со попреченост

Темите поврзани со лицата со попреченост не се често застапени во вестите и во другите медиуми што беа мониторирани. Онаму каде што биле застапени, во речиси сите случаи, тие најчесто се наоѓаат во вториот блок од вестите на телевизиите, по дневнополитичките теми, некаде дури и по 20-тата минута. Во мониториранот период, кај медиумите и на македонски и на албански јазик, во ударните термини и содржини доминираа повеќе теми од актуелната политика, какви што се очекување на почеток на преговорите со ЕУ, скандалот со поранешната обвинителка од Специјалното јавно обвинителство, Катица Јанева, преговорите во рамките на заедничката комисија меѓу Македонија и Бугарија, преговорите околу Законот за Јавното обвинителство, како и преговорите меѓу Синдикатот и Министерството за образование и наука за покачување на платите на просветните работници.

Во релација со лицата со попреченост, кај мониторираните медиуми на македонски јазик во текот на септември 2019 година, најчесто доминираа темите здравство и образование (по 11 содржини во однос на двете категории). Потоа следуваа темите социјална заштита (5), спорт (4), култура (2) и политика (1). Во прилозите и текстовите што се однесуваа на лицата со попреченост, кај медиумите на албански јазик беа застапени темите здравје, забава, политика и образование (2).

На тема образование кај медиумите на македонски јазик, некои од прилозите и текстовите се однесуваа на образовните асистенти за учениците со попреченост (СДК.мк: *„Половина ученици со посебни потреби во Центар нема да добијат образовни асистенти оти општината не предвидела пари“*, 2 септември 2019), недостиг од толкувачи на знаковен јазик (ТВ Телма, 15 септември 2019), развивање на институционалните капацитети за деца со атипичен развој (ТВ Сител: *„Центар за функционална проценка и поддршка на деца и млади“,* 30 септември 2019).

На почетокот на учебната година во 2019-та, по половина век, во скопската Општина Центар беше отворено новото основно училиште „Киро Глигоров“, прво во државава во чии рамки ќе функционира и Дневен центар за деца со церебрална парализа.

> *„Посебно сум горд на фактот што 360 метри квадратни од објектот се наменети за Центарот за деца со церебрална парализа, кој досега се наоѓаше во стари бараки. За таа намена, изградивме и комплетно уредивме простор според нивните потреби, но и целиот училиштен објект го адаптиравме на потребите на овие деца“,* изјави Саша Богдановиќ, градоначалник на Општина Центар (СДК.мк, 4 септември 2019).

Ова беше настан што го покрија повеќето медиуми на македонски јазик (Слободен печат: *„Училиштето 'Киро Глигоров' ги отвори вратите за првите ученици“*, 3 септември 2019; СДК.мк: *„'Киро Глигоров' е прво училиште со дневен центар за деца со церебрална парализа“*, 4 септември 2019; ТВ Телма: *„Отворено новото училиште 'Киро Глигоров'"*, 4 септември 2019). Во медиумите на албански јазик, весникот „Коха“ индиректно ја адресираше оваа тема, истакнувајќи дека во многу албански села, училиштата се во катастрофална состојба.

Во однос на темата здравство треба да се истакне дека одредени медиуми успешно и конзистентно туркаат приказни што се значајни за лицата со попреченост на дневната агенда на вестите. Така, сторијата за проблемите со остварувањето инвалидска пензија на лица со попреченост и други здравствени проблеми на овие лица, ТВ Сител ја покри со осум прилози во текот на септември. По објавувањето на случајот, во редакцијата се јавиле и други граѓани, кои не можеле да остварат право на инвалидска пензија и покрај здравствените проблеми со кои се соочуваат (*„Не може сам да оди ни до тоалет, а државата го прогласува за работоспособен - Бане од Скопско во битка со институциите“*, 9 септември 2019; *„Нема конкретен одговор зошто тешко болниот скопјанец не добива инвалидска пензија“*, 11 септември 2019; *„Со тешки последици од мозочен удар и Паркинсонова болест, 3 пати одбиен за инвалидска пензија“*, 12 септември 2019; *„Му дале инвалидска, па му ја одзеле, кумановец во битка со комисијата за да докаже дека е инвалид“*, 22 септември 2019). Телевизијата ја следеше темата од различни аспекти, преку приказните на повеќе засегнати граѓани, беа вклучени изјави од лекари, од министерката за труд и социјална работа и од надлежните институции, со што тие беа повикани да реагираат и да иницираат ревизија на спорните барања за остварување право на инвалидска пензија (ТВ Сител: *„Директорот на ПИОМ лично ќе изврши ревизија на барањето на Најдовски за инвалидска пензија“*, 9 септември 2019; *„Второстепената комисија најавува законски измени за водење на постапките за инвалидски пензии“*, 17 септември 2019; *„Одбиените за инвалидска пензија ќе поднесат претставки лично до министерката Царовска“*, 20 септември 2019).

> *„Директорот на ПИОМ лично ќе го разгледа случајот со Б.Н. од скопско Ајватовци... Шаип Зенаили за ТВ Сител изјави дека во текот на утрешниот ден, ќе направи ревизија на документите зошто и како 59-годишниот скопјанец бил прогласен за работоспособен, а боледува од Алцхајмер, васкуларна деменција и имал 4 мозочни удари, носи пелени за возрасни и користи туѓа нега. Утре очекуваме одговор и од Министерството за труд и социјална политика, во чија надлежност е второстепената комисија во чија надлежност е жалбата на Б.Н.“*, истакна новинарката што го следеше случајот (ТВ Сител, 9 септември 2019).

Таа успеала да ја добие и министерката за труд и социјална политика, која во изјава за ТВ Сител објаснува дека „системот за ревизија на работната способност во државава, со години бил не само запоставен, туку и толку комплициран, што на крајот вие мора да чукнете на десет врати за да остварите десет различни права“.

> *„Со Светска банка работиме на воспоставување систем за интегрирана проценка на работната способност, што значи сите комисии што ги знаете – за мобилност, слепило, глувост, туѓа нега, сето тоа ќе биде раководено од едно тело, кое пак понатаму ќе треба да има овластени вештаци... И со тоа ние ќе добиеме солиден систем за проценка на работната способност“*, вели Мила Царовска, министерка за труд и социјална политика за вестите на ТВ Сител (20 септември 2019).

Во врска со социјалната заштита имаше само неколку содржини, меѓу кои и текст за оперската примадона Весна Ѓиновска-Илкова, која има брат со попреченост и држи часови по пеење во дом за изнемоштени лица (СДК.мк, 1 септември 2019), лица со попреченост што имаат специфични таленти – сликаат или свират на некој инструмент (ТВ Телма, ТВ Сител), како и за недостигот од толкувачи за лицата со оштетен слух (ТВ Телма, 23 септември 2019).

Прилог: *„Недостиг од толкувачи на знаковен јазик“*
Медиум: ТВ Телма, 23 септември 2019
Тема: Социјална заштита

Повод за прилогот е одбележувањето на Меѓународниот ден на знаковниот јазик, поради што во Собранието на Република Северна Македонија била одржана средба на која учествувале претставници од организациите што ги застапуваат лицата со оштетен слух и пратеници од различни политички партии.

Прилогот е емитуван во 23-та минута од вестите на ТВ Телма, кои на овој датум траеле 31 минута. Оваа информација на агендата на вестите доаѓа по дневноактуелните политички, економски и општествени актуелности (случај „Рекет“, судски случаи, Специјално јавно обвинителство, преговори меѓу партиите за Законот за Јавно обвинителство, случаи на Државната комисија за спречување на корупцијата, ребаланс на државниот буџет), а по неа следуваат вестите од странство.

Новинарот го почнува прилогот со барањата на лицата со оштетен слух, какви што се зголемување на додатокот за мобилност и изедначување со оној што го добиваат другите лица со инвалидност, вработување во државната администрација, можност за бенифициран стаж, субвенции за набавка на мобилни телефони и соодветни тарифи.
Во прилогот има цитат од две лица со оштетен слух. Томица Стојановски, претседател на Националниот сојуз на глуви и наглуви, на парламентарците им поставува прашање: *„Дали во администрацијата на Собранието има вработено глуво лице?“*, на што еден од присутните пратеници одговара негативно. Вториот цитат е од лице со оштетен слух, кое прашува зошто при носење закони, не се бара мислење и од глувите лица.

Новинарката констатира дека и при вакви организирани посети, не постои вработен толкувач од знаковен јазик во Собранието. Таа дообјаснува дека според Законот за употреба на знаковниот јазик донесен уште во 2009 година, секоја државна и општествена институција е должна да обезбеди толкувач на знаковен јазик доколку лице со оштетен слух ги користи нејзините услуги, за на крај да заклучи дека лицата со оштетен слух сметаат дека државата прави малку напори за имплементација на овој закон.

Во прилогот се користат термини како „инвалидност“, а и самите соговорници, односно пратеници користат термини како „лица со посебни потреби“, и покрај општествено прифатениот назив „лица со попреченост“.

Иако ТВ Телма во вестите вообичаено нема толкувач на знаковен јазик, за овој прилог е направен дополнителен напор на медиумот да им олесни на лицата со оштетен слух да ја разберат содржината. Прилогот содржи „титл“ на целата содржина со оглед на тоа дека тематиката е од интерес на глуви и наглуви лица.

Само неколку прилози и текстови се однесуваа на спортот, а беа поврзани со достигнувањата или можностите што им се нудат на лицата со попреченост за одредени рекреативни активности (ТВ Тера: *„Спортски камп за лица со попреченост“*, 5 септември 2019; ТВ Тера: *„Во Преспа камп за пливање и нуркање за лица со попреченост“*, 16 септември 2019; ТВ Телма: *„Љулиета Адеми по освојувањето на Триглав денеска се искачи на Титов Врв“,* 29 септември 2019).

Во текот на септември имаше само еден прилог во кој конкретна тема беше политиката, а кој индиректно е поврзан со лицата со попреченост. Беше искористена посетата на градоначалникот на една општина, кого при посета на Анкара, Турција, го пречекала делегација во која имало и дете со попреченост. Иако во овој случај лицето со попреченост е во делегацијата на државата домаќин што го поканила градоначалникот, сепак треба да се истакне дека присуството на политички претставници на различни настани често се користи за да се привлече вниманието на медиумите кај нас. Претставниците на организациите што ги застапуваат лицата со попреченост, забележуваат дека медиумите и новинарите почесто се заинтересирани за настани на кои присуствува некој политичар отколку за настани што активистите ги организираат без високи гости од политиката.

Од областа на културата имаше само два прилога во целиот мониториран период (СДК.мк: *„Работилница за деца со аутизам во Археолошкиот музеј“*, 24 септември 2019; ТВ Тера: *„Во Битола пристигна Едвард Лакман, годинешниот лауреат на Златна камера 300 за животно дело на фестивалот Браќа Манаки“*, 13 септември 2019), како и по еден прилог поврзан со безбедноста на улиците за лицата со попреченост (ТВ Телма: *„Луѓето со попреченост постојано со исти пречки“*, 21 септември 2019) и за можностите за социјална инклузија што би се отвориле при влез на државата во Европската Унија („Слободен печат“: *„ЕУ надеж и за попречените лица“*, 28 септември 2019).

Кај мониторираните медиуми на албански јазик, издвоените содржини беа обработени повеќе преку кратките информативни жанрови. Темите во прилозите и во текстовите се однесуваа на здравје, забава, политика и образование (ТВ Алсат-М: *„'Аџибадем Систина'со бесплатни прегледи за мускуларни проблеми“*, 21 септември 2019; ТВ Коха: *„Паркот во центар со нов изглед благодарение на ротаријанците од Тетово“,* 20 септември 2019; Порталб: *„Општина Карпош обезбеди лични асистенти за сите ученици со посебни потреби“*, 15 септември 2019; Порталб: *„За првпат студент со посебни потреби од Северна Македонија ќе патува преку програмата Еразмус плус“*, 26 септември 2019).

Меѓутоа, ниту една информација во медиумите на албански јазик не се издвојуваше по релевантноста третирајќи хронични проблеми и предизвици со кои се соочуваат лицата со попреченост, со што би се пробила повисоко на агендата меѓу дневните настани што беа покриени од медиумот.

Табела 4.
Застапеноста на теми, извори, атрибуција и цитати во мониторираните содржини

	Медиуми на македонски јазик	Медиуми на албански јазик
Теми	Образование (11) Здравје (11) Спорт (6) Соц. заштита (5) Култура (2) Друго (2) Политика (1)	Образование (2) Урбанизам/забава (2) Здравје Политика
Извори на информации	Лице со попреченост (14) Друго (13) - член на семејство (5); - институција (7); - новинар (1) Политичари (8) Лекари (2) ГО (1)	ГО (2) Лекар Општина Национална агенција Друго (1)
Опис на лицата со попреченост	Лица/деца со посебни потреби, инвалиди/инвалидни лица хендикеп Возраст и место на живеење Професија, талент, способност (сликаат, изведувачи на различни инструменти, планинарат итн.)	Попреченост
Цитат	Цитат на лице со попреченост во 13 содржини (од вк. 38)	Цитат на лице со попреченост во ниту еден прилог/текст (од вк. 6)

Здравството и образованието очекувано се појавуваат како најзастапени теми кај мониторираните медиуми кога се зборува за лицата со попреченост, при што најчесто се зборува за предизвиците и проблемите со кои овие лица се соочуваат. Од друга страна, пак, културата, социјалната заштита, спортот и политиката сè уште се теми што поретко се поврзуваат со лицата со попреченост. Дополнително, овие граѓани најчесто се опишуваат токму преку нивната попреченост, а нивниот глас (понекогаш од објективни причини) не е често присутен во медиумите. Сето ова влијае врз создавање општа слика за лицата со попреченост во јавноста, односно сè уште преовладува „медицински“ пристап кон проблематиката. Медиумите може да имаат значајна улога во промена во начинот на кој се перципираат овие лица, а дискурсот на „нормализација“ на попреченоста може да се постигне преку вклучување на овие лица во сите општествено важни теми.

4.2. Лицата со попреченост како извори на информации и нивното цитирање во медиумските содржини

Најчесто консултирани извори на информации во медиумите на македонски јазик во мониторираниот период биле лицата со попреченост (14). Следни, кои најчесто се појавувале во прилозите и во текстовите што беа мониторирани, биле соговорниците што спаѓаат во категоријата „друго“ (13). Тука како извори на информации се појавувале – членови на семејството или згрижувачи (5), потоа институции, како министерство, градска администрација, згрижувачки центар (7) и еден новинар.

Политичарите, исто така, биле чести извори на информации (во 8 содржини), како, на пример, во темите поврзани со нарушеното право на остварување инвалидска пензија или отворањето на новото основно училиште „Киро Глигоров“. Лекарите биле извор на информации само во два прилога (ТВ Сител: *„Ниту со деменција ниту со мозочен удар лицата не може да бидат способни за работа“*, 23 септември 2019; ТВ Сител: *„Второстепената комисија најавува законски измени за водење на постапките за инвалидски пензии“*, 17 септември 2019), додека, пак, претставник од граѓанска организација – Здружение за лица со посебни потреби како соговорник бил присутен во прилозите само еднаш (ТВ Тера, *„Камп за пливање и нуркање за лица со попреченості“*, 17 септември 2019).

Кај медиумите на албански јазик, пак, како извор на информации се појавиле: хуманитарна граѓанска организација што донирала за реновирање парк за лица со попреченості (весник „Коха“: *„Подобри услови за Дневниот центар во Тетово – ротаријанците го местат паркот на Дневниот центар во Тетово“*, 21 септември 2019; ТВ Коха: *„Паркот на центар со нов изглед благодарение на ротаријанците од Тетово“*, 20 септември 2019), лекар, општина и национална агенција.

Од мониторингот се забележува дека медиумите и граѓанските организации немале честа и ефикасна соработка, односно медиумите не ги препознале граѓанските организации како извор на експертиза. Ова е поткрепено со податокот дека граѓанските организации се појавиле како извори на информации само во три случаи (еднаш кај медиумите на македонски и двапати кај медиумите на албански јазик) кај сите мониторирани медиуми во текот на септември.

Во однос на цитирањето на лицата со попреченост, кај медиумите на македонски јазик имало 13 цитати од вкупно 38 прилози и текстови што се однесувале на оваа категорија граѓани, додека, пак, кај медиумите на албански јазик, во шесте прилози немало ниту еден цитат.

Во дел од другите текстови во кои нема цитати од лица со попреченост, се цитираат други соговорници на релевантната тема (членови на семејството, политичари, вработени во центрите за згрижување на лицата со попреченості). Во некои прилози и текстови воопшто нема соговорник, туку се цитираат соопштенија или писмени изјави од институции и политичари што биле пратени до медиумот како одговор на неговите прашања. Во некои анализирани содржини се сретнуваат само парафразирани или пренесени изјави од социјалните мрежи или од институции, релевантни за сторијата.

Во шесте прилози и текстови кај медиумите на албански јазик, цитатите целосно недостигаат во содржините. Сепак, мора да се земе предвид дека кај овие мониторирани медиуми, бројот на содржини што се однесуваат на лицата со попреченост е многу мал, односно од една до две содржини во поединечните медиуми во целиот анализиран период, а во поголемиот број прилози и текстови станува збор за кратки информативни жанрови. Сепак, во некои од содржините релевантноста на темата дозволува обработка на информацијата од повеќе различни аспекти или во поинаков жанр.

Цитирањето на лицата со попреченост во новинарските содржини секогаш е условено од видот на попреченоста. Ова може да биде причина зошто само во една третина од анализираните содржини во медиумите на македонски јазик имало цитати од овие граѓани. Меѓутоа, во повеќе случаи недостига новинарски ангажман, со цел да се слушне и гласот на оние на кои се однесува самиот прилог или текст. Така, на пример, има содржини во кои од социјалните мрежи се пренесува статусот на лице со попреченост кое направило, на пример, некое спортско достигнување, без медиумот односно новинарот да направи дополнителен напор да стапи во контакт со лицето за изјава, интервју или на поинаков начин да ја обработи темата. Дополнително, причината за малиот број цитати, што е особено забележливо кај медиумите на албански јазик, е и покривањето на овие теми преку кратките жанрови (вести). Подолгите новинарски жанрови што ги адресираат овие теми се важни за разбирање на секојдневниот живот на лицата со попреченост и може да придонесат за нивно ефикасно интегрирање во општеството.

4.4. Тонот на известувањето – секогаш позитивен или неутрален

Новинарското известување за лицата со попреченост во медиумите речиси секогаш има позитивна или неутрална конотација, што се потврдува преку наодите од мониторираните медиуми. Во прилозите и во текстовите на македонски јазик во 18 случаи имало неутрален, во 20 позитивен, а во ниту еден прилог или текст немало негативен тон. Кај медиумите на албански јазик, во пет содржини имало неутрален, додека во една позитивен тон при известувањето.

Меѓутоа, и покрај тоа што сите мониторирани медиуми имале позитивен или неутрален тон во известувањето за лицата со попреченост, тие треба да внимаваат и на терминологијата што ја користат. Имено, со употреба на фрази и зборови што не се политички коректни, исто така се влијае врз создавањето перцепции за лицата со попреченост.

Во продолжение се издвоени неколку примери на новинарски содржини што имаат позитивен и неутрален тон на известувањето.

Пример 1 за позитивен тон при медиумското известување:

Работилница за деца со аутизам во Археолошкиот музеј за европските денови на културното наследство

(Извадок од веста, СДК.мк, 24 септември 2019)

Во Археолошкиот музеј, утре во 10.30 часот, ќе има креативна работилница насловена „И јас можам“ во едукативното катче „Млади археолози“ за децата со аутизам, АДХД и Аспергеров синдром, кои доаѓаат од здружението „Во мојот свет“.

„Како општествено одговорна институција, која е музеј за сите, ја промовираме инклузивноста со редовно организирање едукативни работилници, кои имаат за цел поттикнување на креативноста и имагинацијата на лицата со попреченост“, велат од Археолошкиот музеј.

(Достапно на sdk.mk)

Пример 2 за позитивен тон при медиумското известување:

„Не судете, туку помагајте им на лицата со попреченост за достоинствен живот“, вели примадоната Весна Ѓиновска-Илкова, која држи часови по пеење во дом за немоќни.

(извадок од текстот, СДК.мк, 1 септември 2019)

Примадоната на Националната опера и балет (НОБ) и професорка на Факултетот за музичка уметност, Весна Ѓиновска-Илкова, држи часови за техники на дишење и помага во еден приватен дом за стари и немоќни лица во Скопје. Во домот престојува и нејзиниот 62-годишен брат, кој е лице со посебни потреби. Оперската певица со врвна кариера вели дека иницијативата за часовите е на една од лекарките, а таа безрезервно ја прифатила. Ѓиновска-Илкова, позната активистка и поборник за човекови права, за www.сакамдакажам.мк говори за големата поврзаност со брата си, за семејството, за инклузијата на лицата со попреченост во општеството, за посетите во домот.

„Јас сум негова сестричка (така ме вика), се радува, покажува љубов. Тој и ми го дал името, родена сум во април, месецот на пролетта, па некако природно дошло името. Кога сме дома, задолжително кажува што сака да јаде. Голем гурман е. Моите деца, неговите внуци, ги знае од бебиња. Сега тие го занимаваат него во дворот, додека пие кафе или јаде некое овошје. Голем љубител е на цигара. Тука контролирам колку можам. Мене ми е важно дека не се чувствува отфрлен, дека е дел од семејството, дека има достоинствен живот. Тоа ми е многу битно, верувајте. Моите родители многу вложија во него. Јас секогаш се борев сама и не се жалам. И затоа гордо одам исправена. Сè сум постигнала со моите две раце. А целта ми беше по смртта на родителите, тој да биде со мене“, вели таа.

.....

Певицата додава дека во домот за стари лица имаат целосна агенда за активност и меѓусебно дружење.
Таа кажува дека знаат заедно и да запеат во Домот за стари лица. Секој кажува по некоја песна, па доаѓаат спонтано идеи, и во тие 45 минути имаат релаксирана атмосфера.
„Задоволни се. Ќе поминам да оставам нешто што е потребно за братот и гледам нивни реакции. И самите вработени се задоволни. И јас, секако. Си направил некому добро дело“, вели Ѓиновска-Илкова.

.....

(Достапно на sdk.mk)

Пример 3 за неутрален тон при медиумското известување:

Град Скопје ангажира 16 образовни асистенти за средношколците
„Слободен печат“, 2 септември 2019

Град Скопје во новата учебна година ангажира 16 образовни асистенти, кои ќе работат со средношколци со посебни образовни потреби. Асистентите што се ангажираат во рамките на проектот „Поддршка на инклузијата во образовниот процес – унапредување на правата и можностите за ранливите категории граѓани во Град Скопје“, а кој е во соработка со Агенцијата за вработување и УНДП, ќе работат по четири часа дневно со учениците и ќе им помагаат во совладување на наставната материја и подобрување на успехот, соопшти денеска Град Скопје.

Услугата од асистентите е бесплатна за родителите што дале согласност да се вклучат во проектот. Дел од средствата се обезбедени преку програмата Општинско-корисна работа, а дел се од буџетот на Градот.

Месечниот надоместок за асистентите изнесува нето 9.000 денари, а за нив Град Скопје обезбедува и бесплатен јавен превоз, кој ќе можат да го користат за време на ангажманот. Ангажирањето образовни асистенти во средните училишта е продолжување на практиката од минатата година кога Град Скопје првпат ја реализираше оваа активност.

– Потребата од повторно ангажирање стручен кадар што ќе им помага на средношколците за време на наставата, се должи на позитивното искуство од претходната година и постигнатиот успех на учениците што ја користеа услугата. Во таа насока, минатата година Град Скопје првпат додели награда за особени постигнувања и резултати во процесот на инклузијата на ученичка од четврта година во гимназијата „Никола Карев”, која користеше услуга од образовен асистент и постигна одличен успех во последната година од образованието, се вели во соопштението.

(Достапно на „Слободен печат“)

4.5. Лицата со попреченост најчесто опишани преку нивната попреченост

Во однос на описот на лицата со попреченост, методолошки беа поставени повеќе одредници, какви што се: попреченоста, професијата, возраста и местото на живеење. Во содржините што ги разгледувавме при опис на лицата со попреченост, кај медиумите и на македонски и на албански јазик, најчесто се користи токму попреченоста, што се наведува веднаш по името и презимето на лицето.

Притоа, повеќе медиуми при опишување на овие лица, сè уште користат застарени фрази и терминологија, како: инвалиди („*…уште еден од многуте пациенти што се обидуваат на Комисијата за инвалидски пензии да ѝ докажат дека се инвалиди*“), инвалидни лица или лица со инвалидитет („*...инвалидно лице кое е тука за да научи да плива*“), лица/деца со посебни потреби

(*„Во домот престојува нејзиниот 62-годишен брат, кој е лице со посебни потреби“*) или хендикеп, наспроти унифицираниот и општоприфатен термин – лица со попреченост.

Медиумите често ги опишуваат лицата со попреченост според годините и местото на живеење, при што овие две одредници најчесто се комбинираат, по што следувал и опис на видот на попреченоста (*„...52-годишен скопјанец од крајот на минатата година користи и туѓа нега“*, *„...42-годишен од Ресен, инвалидно лице“*, *„...58-годишниот Бане од Ајватовци боледува од Алцхајмер“*). Во некои прилози и текстови се истакнува професијата (*„Музичарот ... закрепнува од хируршка интервенција“*) или позицијата (*претседател на Здружението на глуви и наглуви, член на „Вилсон Македонија“, „годинешниот лауреат на Златна камера 300 за животно дело на фестивалот Браќа Манаки*), способноста или талентот што го поседуваат лицата со попреченост (*„Девет часа пешачење по стрмни планински патеки навистина претставува подвиг за лице со попреченост“, „...на јавноста ѝ е позната по тоа што слика со уста“*) итн.

Од анализираните прилози се добива впечатокот дека лицата со попреченост најчесто се во фокус на медиумите кога треба да се сврти вниманието на некој проблем со кој тие се соочуваат или кога медиумите сакаат да истакнат некое нивно достигнување. Наспроти тоа, од самите описи во мониторираните содржини се гледа дека лицата со попреченост се дел од вестите што се занимаваат со нивната попреченост токму поради фактот што им пркосат на проблемите.

Сè уште не постои „нормализација“ на дискурсот од аспект на тоа тие да бидат консултирани или претставени како соговорници што настапуваат од некоја општествена позиција или улога, односно на некоја тема што не е поврзана со попреченоста.

5. Основни наоди од спроведените интервјуа

5.1. Интервјуа со претставници на граѓански организации[2]

„...Лицата со попреченост треба да бидат вклучени во активностите на општеството и да се потенцираат (со примери) нивните квалитети и способности. Со тоа делумно би се разбила илузијата дека тие не можат да прават нешта што 'нормалните' луѓе ги можат." ***Александар Панајотов, Натура МК Скопје***

Во интервјуата со претставници на граѓанските организации беа опфатени шест лица, од кои тројца претставници на национални организации (сојузи) и три локални организации. Според целните групи, имаше претставници од четирите основни групи, односно организации за лица со оштетен слух, оштетен вид, телесна попреченост и интелектуална попреченост, една организација – давател на услуги (асистивна технологија) за сите групи, како и една организација што не е на лица со попреченост туку спроведува активности за лица со попреченост. Две интервјуирани лица се со попреченост, а две се членови на семејство во кое има лице со попреченост.

Во однос на организирањето на работата со медиумите, од интервјуата може да се заклучи дека граѓанските организации се свесни за значењето на медиумите и за придобивките од соработката со нив. Дел од организациите се обучени (на основно ниво) како да соработуваат со медиумите, знаат и користат **алатки за комуникација со медиумите и со новинарите: изјави, соопштенија, интервјуа и гостувања во емисии, посети на новинари, прес-конференции и сл.** Комуникацијата со медиумите се одвива преку покани и соопштенија за медиуми за одбележување настани, проекти, иницијативи за остварување одредени права, како и гостувања во емисии (најчесто во утрински програми).

„Организациите немаат ресурси да обезбедат професионално лице што би ја организирало и би ја водело работата со медиумите, најчесто тоа го прават претседателите, менаџерите или вработените лица што не се професионалци во ПР-областа", вели претставник на граѓанските организации.

[2] Имињата на интервјуираните се наведени на крајот на текстот во делот: Листа на интервјуа

Најчесто **организациите се тие што иницираат контакти со медиумите** и се трудат навремено да ги известуваат за активност, проект, настан, притоа користејќи ги знаењата од обуките за работа со медиуми. Организациите сметаат дека одзивот и одговорот на медиумите е позитивен и задоволителен. Дел од организациите имаат воспоставено **пријателски однос со одредени новинари, со кои се во континуирана комуникација.** Сепак, некои од соговорниците посочуваат дека:

> *„Новинарите, општо земено, недоволно ги разбираат проблемите и предизвиците на лицата со попреченост и немаат доволно знаења или информации, освен ако немаат директно искуство, односно доколку некој нивен близок не е засегнат со попреченост. Нивното информирање, нивните вести, репортажи и објави се честопати ограничени и сувопарни, без да ја продлабочат тематиката со проширени знаења, нивен коментар и сл.“,* сметаат претставниците на организациите.

Се случува новинарите да доаѓаат на настани неинформирани и неподготвени да направат добра сторија, но постојат и новинари што имаат големо искуство во информирањето за теми што се поврзани со лица со попреченост и соработката со нив е особено важна. **Локалните организации имаат проблем во комуникацијата со националните медиуми** – и покрај напорите за стапување во контакт со нив, тие многу слабо известуваат за активностите на локално ниво. Повеќето медиуми што емитуваат на државно ниво имаат дописници од поголемите градови во земјата, исто како и јавниот сервис, така што треба да се унапредува соработката меѓу граѓанските организации и дописниците.

Новинарите треба да имаат пристап кон оваа тема (и кон лицата со попреченост воопшто) од аспект на принципите на еднаквост и инклузија во сите сегменти од општественото живеење, а не врз принципот на сожалување, милосрдие и изолација. Тие треба повеќе да ги презентираат можностите и капацитетите на лицата со попреченост, а проблемите со кои тие се соочуваат, треба да се насочуваат кон барање одговори и решенија од институциите, граѓаните и од јавноста.

> *„Акцентот треба да се стави на тоа дека лицата со попреченост треба да бидат вклучени во активностите на општеството и да се потенцираат (со примери) нивните квалитети и способности. Со тоа делумно би се разбила илузијата дека тие не можат да прават нешта што 'нормалните' луѓе ги можат“,* вели еден од интервјуираните.

Еден од проблемите што ги посочуваат соговорниците е тоа што во медиумите нема доволен број новинари што се насочени да покриваат теми поврзани со попреченост. Треба да се организираат повеќе активности во насока на сензитивизирање, но и брифинзи на кои новинарите би се среќавале со претставници на организации што работат во полето на попреченост и со националните сојузи преку кои би имале пристап до голем број лица со попреченост. На тој начин новинарите може да имаат неисцрпен извор за информации.

> *„Медиумскиот третман треба да придонесе за подигање на нивото на јавната свест на граѓаните за потребите на лицата со инвалидност, а особено на оние граѓани што креираат политики преку нивниот политички ангажман. Само така можеме да се надеваме на целосна инклузија на лицата со инвалидност во општествените текови и признавање на различностите.“*
> ***Бранимир Јовановски, Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија - Мобилност Македонија.***

Во насока на подобрување на медиумските практики, претставниците на граѓанските организации предлагаат медиумите да обезбедат титлување на програмските содржини за да бидат пристапни за глувите лица. Нивните забелешки се однесуваат и на избегнување сензационализми, идентификување и подобро разбирање на проблемите и давање поголема важност на темите што се однесуваат на лицата со попреченост. „Би сакал понекогаш вестите на ТВ да почнат со теми за лица со попреченост", вели еден соговорник.

„Потребна е почеста комуникација, но и почест и 'поагресивен' настап на невладините организации преку медиумите во обидите да се изборат за реализација на барањата за подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност, бидејќи токму претставниците на медиумите можат да придонесат одредени прашања побргу да бидат ставени на разрешување од политичарите. Објективното информирање е од исклучителна важност во тој процес", велат соговорниците.

5.2. Интервјуа со претставници на релевантни државни институции [3]

Во интервјуата со претставници на релевантни државни институции беа опфатени двајца владини претставници, двајца претставници на Министерството за труд и социјална политика и еден претставник на Министерството за образование и наука, како и еден претставник на локалните власти. Тројца од нив се лица со попреченост.

Претставниците на државните институции имаат главно позитивно искуство од соработката со медиумите. Во последно време новинарите се коректни и отворени за соработка, но голем дел од нив се неподготвени на темите за кои известуваат или работат сторија, што е отежнувачки фактор за квалитетно пренесување на информациите. Според нив, новинарите не се доволно запознаени со правата, проблемите и потребите на лицата со попреченост. Се употребува **застарена терминологија која делува навредувачки, затоа што се нагласува инвалидноста, а не можностите на лицето**. Голем дел од текстовите и приказните се базираат на „милосрден" пристап и речиси секогаш се бара од институциите „волја да се помогне", наместо да се упати јасна порака дека лицата со попреченост имаат права што државата е должна да ги обезбеди и да ги оствари.

„Новинар(к)ите во нивните прилози, интервјуа и емисии ја користат емоцијата како алатка за привлекување гледаност. И тоа е во ред, но проблемот е што најчесто неконтролирано се користи чувството на тага без да се има предвид дали тоа ќе генерира сожалување наместо сочувство кај гледачот. Тагата во комбинација со честите хуманитарни побарувања за лекарска помош, генерираат сожалување кај гледачот што се пресликува во градење јавно мислење за лицата со попреченост, како лица на кои треба да им се помогне да се излекуваат", забележуваат претставниците од институциите.

[3] Имињата на интервјуираните се наведени на крајот на текстот во делот: Листа на интервјуа

Интервјуираните претставници посочуваат **дека недостасува истражувачко новинарство, а особено дека недостасуваат емисии од јавен интерес, како и едукација на новинарите,** која би била сеопфатна и континуирана, наместо еднократни и еднодневни обуки.
Тие истакнуваат дека е потребна поголема застапеност на темите што се важни за лицата со попреченост во медиумите, со што ќе се дејствува и врз јавната свест и врз општиот пристап кон овие лица, но не да се пишува дека треба „да се соберат донации", „да му помогнеме на лицето", туку да се пишува за можностите и за потенцијалите на лицата – тогаш и јавноста, образовните институции и работодавачите ќе се сензибилизираат.
Според соговорниците, потребно е да се реши непристапноста на најголемиот дел од студијата и телевизиски куќи, што дополнително го ограничува учеството на лицата со попреченост во медиумите. Недостасуваат емисии што би ги акцентирале квалитетите на животот со попреченост, би зборувале за успесите без притоа да ја акцентираат попреченоста, која во секој случај би била воочена од гледачите.

„Инклузија во медиумскиот простор е кога ќе видам лице со (на пример) Даунов синдром како е презентер на вести на национална телевизија, водител на контактна емисија, на квиз и сл. Дури тогаш ќе можеме да зборуваме за учество на лицата со попреченост во медиумскиот простор, само така ќе се навикнеме на нивното присуство како за нешто многу природно, во спротивно зборуваме за сегрегација. На 'специјалните емисии' со 'специјални новинари' можеме слободно да ставиме знак 'само за лица со попреченост, дозволено над 15 години' и со тоа да ја отсликаме генералната состојба на инклузијата во РСМ", истакнува еден од соговорниците.

Негативно искуство е генералниот пристап на новинарите базиран на милосрдие кон лицата со попреченост. Тоа најчесто се рефлектира преку пристап што налага дека мора да им се помогне, а не се презентираат можностите и капацитетите на лицата. Најчесто новинарските стории прикажуваат лица со попреченост и социјални случаи што живеат во сиромаштија, тоа се трогателни приказни што предизвикуваат само сожалување кај јавноста, а не се дава доволно простор за стории за успешни лица со попреченост на професионален и на личен план.

„Во однос на застапеноста на лицата со попреченост во медиумите, она што мене ми пречи е дека тие се застапени во емисии што се гледани само од лицата со попреченост и нивните семејства. Обично тоа се полудокументарни емисии за разни човечки судбини, кои треба кај нас да предизвикаат сожалување. Таквите емисии се направени од неколку новинари што се препознатливи за оваа проблематика, и човек кога ќе ги види на ТВ, веднаш знае за што станува збор. Ако е лично засегнат на кој било начин, можеби и ќе ја изгледа емисијата, но ако не е, ќе го смени каналот. Сожалувањето е последното нешто што им е потребно на лицата со попреченост и е страшно деградирачки", смета еден од интервјуираните.

„Почитувањето на човековото достоинство и на човековите права на сите луѓе, вклучително и на припадниците на маргинализираните групи, е обврска на новинарите. Новинарите треба да бидат особено внимателни при употребата на термините за означување на дискриминираните заедници и групи, затоа што една од најраширените форми на дискриминација е негативното и омаловажувачко лингвистичко идентификување. Посебен етички предизвик е употребата на почитувачки термини за луѓето со попреченост, затоа што непочитувачкиот јазик може да предизвика чувство на исклученост."
Теодор Богоевски, советник за лица со попреченост во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

„Инклузија во медиумскиот простор е кога ќе видам лице со (на пример) Даунов синдром како е презентер на вести на национална телевизија, водител на контактна емисија, на квиз и сл. Дури тогаш ќе можеме да зборуваме за учество на лицата со попреченост во медиумскиот простор, само така ќе се навикнеме на нивното присуство како на нешто многу природно, во спротивно зборуваме за сегрегација. На 'специјалните емисии' со 'специјални новинари' можеме слободно да ставиме знак 'само за лица со попреченост, дозволено над 15 години' и со тоа да ја отсликаме генералната состојба на инклузијата во РСМ."

Мирјана Златанова, советник во Министерство за образование и наука.

Дополнително, претставниците на институциите посочија дека негативна појава се сè почестите лажни вести, кои одземаат голем дел од времето на институциите во докажувањето на вистината. Исто така, голем дел од медиумите се поврзани со одредена политичка партија и одработуваат за дневнополитичките агенди на одредени партии или бизниси.

Во однос на искуството од соработката со граѓанските организации, претставниците на државните институции истакнаа дека генералната определба на државата е децентрализација и плурализација на системот на социјалната заштита, односно овозможување и вклучување на невладините организации да дејствуваат во рамките на системот и да даваат услуги и сервиси на своите целни групи. Организациите на лицата со попреченост имаат потенцијал и бидејќи доаѓаат од базата, тие најдобро ги знаат потребите на лицата со попреченост, тие се „богатство на информации" кои ѝ требаат на Владата. Постојат организации што се добри во тоа што го работат, кои се поразвиени и ги следат европските трендови, но има и помали организации што не се доволно информирани и се неодржливи и покрај нивната добра намера за спроведување некоја програма или нова услуга. Невладините организации се многу важни за системот како даватели на нови услуги за лица со попреченост, какви што се дневните центри и личната асистенција, а исто така се вклучуваат и се консултираат во процесите на донесување нови законски решенија, кои се однесуваат на правата на лицата со попреченост.

5.3. Интервјуа со претставници на медиумите[4]

„Треба самите граѓани со попреченост да се охрабрат и да бидат погласни. Тоа значи дека треба да бидат критички настроени за она што ги тишти во нивното секојдневие."

Вања Мицевска, Радио Канал 77

Во интервјуата со претставници на медиумите беа опфатени шест новинари, од кои тројца работат во националните телевизии МТВ, ТВ Алсат-М и ТВ 24, двајца во националните радија Македонско радио и Канал 77 и еден претставник на веб-портал. Едно интервјуирано лице е со попреченост и едно лице е ќерка на родители со оштетен слух и е толкувач на знаковен јазик. Тројца новинари беа директно вклучени во имплементација на активности во рамките на проектот „Попреченоста е прашање на перцепција".

Во однос на искуствата за известувањето за лица со попреченост општо во државата, сите интервјуирани новинари се или биле

[4] Имињата на интервјуираните се наведени на крајот на текстот во делот: Листа на интервјуа

ангажирани во подготовка на стории, прилози, емисии за лица со попреченост, а дел од нив се добитници на награди за својата работа посветена на лицата со попреченост. Генерално, новинарите сметаат дека медиумите недоволно ги следат темите што се значајни за лицата со попреченост, а голема бариера е немањето стратешки план што би бил во интерес на двете страни. За да се подобри видливоста на лицата со попреченост во медиумскиот простор, новинарите сметаат дека треба да се промени свеста кај менаџерските и уредувачките структури во медиумите дека моќта што ја имаат јавните гласила, треба да се искористи за да им се предочи на граѓаните со какви предизвици се соочуваат нивните сограѓани со попреченост. Ова е особено важно бидејќи прашањето на инклузија не е секогаш врзано со институционалниот систем туку со општествениот воопшто. Затоа, медиумските работници треба не само да информираат туку и да едуцираат за овие прашања.

> *„Медиумите и новинарите можат многу да им помогнат на лицата со попреченост во борбата за нивните човекови права, особено ако се упатени во тоа како се спроведуваат постојните закони, програми и стратегии. За да обезбедат информации за сите во заедницата, а не само за оние што се мнозинство, неопходно е медиумите да ја афирмираат различноста во редакциите, вработувајќи и новинари со попреченост. Неопходно е и приспособување на медиумските содржини за да им бидат достапни и на лицата со попреченост"*, вели еден од соговорниците.

Интервјуираните новинари поинаку пристапуваат на пишувањето за лицата со попреченост за разлика од порано. На прашањата на попреченоста сè повеќе гледаат како на прашање на човековите права низ објективот на социјалниот модел, се запазува објективноста при известувањето, прилозите или статиите се исчистени од емоционалност, сè повеќе се внимава на терминологијата, се обработуваат позитивни теми со соговорници што се подготвени да зборуваат за своите потреби и права. Добрата новинарска практика во известувањето е „отворањето" на сите програмски содржини на медиумите за лицата со попреченост, односно уривање на митот дека тие лица мора да бидат застапени само во специјализираните емисии (на пример, „Светот на тишината" и „Петтиот ангел" на МТВ) и нивно вклучување во образовната, информативната и во културната програма на медиумите.

> *„Медиумските куќи, уредниците и новинарите треба почесто да разговараат на темите за попреченоста. Говориме за видливост на лицата со попреченост, а не ги гледаме во медиумите освен на одредени датуми. Треба да се дозволи лицата со попреченост сè почесто да бидат соговорници. Новинарите и уредниците треба да ја овозможат видливоста на овие лица во медиумите, да има неделно по неколку прилога за нив"*, оценуваат интервјуираните.

Некои соговорници размислуваат во правец на тоа дека „поголем број лица со попреченост треба да бидат вработени во медиумите", како и дека е неопходна обука за вработените во медиумите, со цел тие да можат во известувањето да го применат социјалниот модел и пристапот заснован врз човековите права. „Ова ќе помогне за да се подигне свеста за негативното портретирање на лицата со попреченост."

„Медиумите и новинарите можат многу да им помогнат на лицата со попреченост во борбата за нивните човекови права, особено ако се упатени во тоа како се спроведуваат постојните закони, програми и стратегии. За да обезбедат информации за сите во заедницата, а не само за оние што се мнозинство, неопходно е медиумите да ја афирмираат различноста во редакциите, вработувајќи и новинари со попреченост. Неопходно е и приспособување на медиумските содржини за да им бидат достапни и на лицата со попреченост."

Чедомир Шопкиќ, поранешен новинар во Македонско радио, емисија за лица со попреченост „Панта реи"

Новинарите сметаат дека има многу примери за добра новинарска работа што таргетира лица со попреченост, но има и лоши примери. Заедничко за добрите примери се добрите познавањата на новинарот на проблематиката на лицата со попреченост, употребување соодветни изрази и формулации, отсликување на суштината на проблемот за кој се пишува и постигнување резултат за решавање на проблемот. Оние новинари што не биле во поблизок контакт со лицата со попреченост, имаат тешкотии да пишуваат за нешто што не го познаваат доволно.

Најчести извори на информации се самите лица со попреченост и нивните родители, нивните организации, локалните и државните институции, како и стручните лица што работат со лицата со попреченост. Во своите текстови и прилози, интервјуираните новинари истакнуваат дека секогаш настојуваат да цитираат лица со попреченост или нивни родители. Понекогаш има тешкотии кога лицето (од страв или од срам) не се охрабрува да зборува во свое име.

Вистинскиот агол на приказните за лицата со попреченост е тие да се потпрат на позитивни вредности, на потенцијалите на лицето со попреченост и на сферите во кои лицето е докажано или може да се докаже како успешно, вреднувано и почитувано. Особено е важно да се избегне согледувањето на попреченоста како медицинско прашање или прашање на социјална заштита. Тоа треба да се третира како општествено прашање кое бара крај на дискриминаторните практики и културна промена за општеството да стане поинклузивно.

Дел од промените што новинарите би ги направиле во својата работа се вклучување на повеќе извори во подготовка на приказните, за да се обезбеди поголема објективност, како и поголемо афирмативно потенцирање на експертизите на лицата со попреченост.
Во однос на соработката со релевантните државни институции, новинарите посочуваат дека таа не е на задоволително ниво, односно потешко се добиваат потребните одговори. Патот за остварување на комуникација со нив е многу подолг и потребно е повеќе време за да се добие каков било одговор. Честопати одговорите не соодветствуваат на прашањата или се добиваат одговори како „работиме на тоа“, „ќе го разгледаме тоа“...

Ова е делумно противречно на изјавите на претставниците на државните институции, кои сметаат дека комуникацијата со медиумите во последно време е подобрена, но дека новинарите генерално не се доволно запознаени и подготвени да известуваат за попреченоста. Медиумите потешко доаѓаат до информации и соговорници во јавната администрација отколку во граѓанскиот сектор. Затоа е потребна континуирана комуникација и продлабочување на меѓусебната соработка, базирана на добри односи и доверба помеѓу новинарите и претставниците на државните службеници.

Од друга страна, новинарите се задоволни од соработката со организациите на лица со попреченост, бидејќи преку таквите организации првенствено се запознаваат со проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост, но исто така сметаат дека не е даден максимумот од двете страни – односите треба да се градат и да се негуваат, во интерес на лицата со попреченост. Медиумите и организациите можат да си бидат учители едни на други, да научат што и како работат и да се поддржуваат во остварувањето на своите определби.

> *„Организациите на лицата со попреченост мора да бидат поактивни и да се трудат темите од областа на попреченоста да бидат вклучени во информирањето и своите стории да им ги доставуваат на новинарите и на уредниците. Но, од пресудно значење е да се знае како да се соработува со медиумите за да се обезбеди темите од областа на попреченоста да бидат на дневен ред во медиумите и за нив да се информира од аспект на самите лица со попреченост“*, препорачуваат интервјуираните новинари.

6. Заклучок

Наодите од мониторингот на деветте медиуми на македонски и на албански јазик што беше спроведен во септември 2019 година, покажуваат дека темите што се поврзани со проблемите, предизвиците или правата на лицата со попреченост не се често застапени во централните вести и во другите разгледувани содржини. Прилозите поврзани со лицата со попреченост најчесто се позиционирани подолу на агендата на вестите. Многу ретко тие се главна вест на денот, што во мониториранот период не беше случај ниту еднаш.

Здравството и образованието биле најчесто адресирани теми во релација со лицата со попреченост кај медиумите на македонски јазик, што е донекаде и очекувано со оглед на проблемите со кои најчесто се соочуваат овие граѓани. Еден од мониторираните медиуми покажа пример за упорно и конзистентно пласирање приказна, која се однесуваше на проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост, обработена во дури осум прилози. Притоа, во приказната беа покриени различни аспекти: беа консултирани граѓани – лица со попреченост – кои се засегнати од проблемот, лекари, претставници на институциите. Со отворањето на сторијата, која го објаснуваше проблемот на само едно лице, темата стигна до многумина со сличен проблем, при што приказната посочи на еден поширок контекст на неефикасност на институциите, кои беа повикани да реагираат. Ова е еден позитивен пример, меѓутоа погледнато во целост, кратките информативни жанрови се најчест жанр кога се известува за лицата со попреченост.

Додека темите здравство и образование беа застапени во 22 (од вкупно 38 мониторирани прилози и текстови), останатите 16 содржини се однесуваа на спортот, социјалната заштита, културата и политиката. Малиот број прилози на овие теми е делумно резултат и на малиот број настани во кои учествуваат лицата со попреченост. Мониторингот покажа дека и кога има такви настани, на пример од спортот или од културата, тие се обработени преку кратките жанрови, понекогаш само и со пренесување статус од социјалните мрежи. Недостигот на разновидни теми покажува дека на лицата со попреченост сѐ уште се гледа од аспект на нивната попреченост, наместо од аспект на кој било граѓанин на кој се однесуваат сите теми од јавен интерес.

Кај медиумите на албански јазик бројот на содржини што се однесуваа на лица со попреченост беше исклучително мал, од една до две содржини во секој од мониториираните медиуми. Содржините што се однесуваа на здравје, забава, политика и образование беа обработени најчесто преку вести и извештаи. Ниту еден од текстовите и прилозите на албански јазик не се истакнуваше по релевантноста на темата или по начинот на нејзина обработка. И покрај малиот број содржини кај медиумите на албански јазик, во некои од нив постои простор специфичен проблем да се издигне на повисоко општествено ниво, а информацијата да се обработи од повеќе различни аспекти или во поинаков жанр.

Од мониторингот се наметнува заклучок дека е потребна поголема иницијатива, како и поголема ангажираност на новинарите во идентификувањето теми од различни области што се однесуваат на лицата со попреченост, нивно соодветно покривање и обработка од различни аспекти, при што би се консултирале различни извори на информации.

Во дваесетина прилози и содржини, лицата со попреченост или членови на нивните семејства биле извори на информации во медиумите на македонски јазик, како и институциите, политичарите, лекарите, што зборува за разновидност во однос на оваа мониторирана категорија. Кај медиумите на албански јазик како извор на информации се појавиле хуманитарна граѓанска организација, лекар, општина и национална агенција, а лицата со попреченост или нивните блиски ниту еднаш.

Податокот дека граѓанските организации се појавиле како извори на информации само во три случаи кај медиумите на македонски и на албански јазик, говори за недоволна и неефикасна соработка меѓу нив. Ова упатува на хроничниот проблем на кој со години наназад посочуваат граѓанските организации. Имено, медиумите, од една страна, не покажуваат голема заинтересираност за темите и активностите што произлегуваат од граѓанскиот сектор, меѓутоа, од друга страна, и самите граѓански организации треба да покажат поголема упорност и иницијатива за да ги заинтересираат новинарите за темите што се важни за нив, да им понудат компетентни и релевантни соговорници и ресурси на информации.

Попреченоста, во најголем број случаи, била првата атрибуција кога се опишувале лицата со попреченост, а дури потоа возраста, местото на живеење, нивната професија или способности. Новинарите сè уште користат застарени фрази и терминологија, какви што се инвалиди, инвалидни лица, лица со посебни потреби или хендикеп, наспроти унифицираниот и општоприфатен термин – лица со попреченост. Овој проблем треба да се постави во еден поширок општествен контекст, бидејќи и некои од граѓанските организации, како и дел од политичарите сè уште користат некоректна терминологија при именувањето на овие граѓани. Дополнително, новинарските прилози секогаш се сосредоточувале на проблемите, предизвиците, „неочекуваните“ достигнувања или успеси на овие граѓани. Исклучително ретко тие биле консултирани или претставени како соговорници во некоја медиумска содржина на тема што не е поврзана со попреченоста, односно од позиција на нивната професија или стручност (на пример, вработен во некоја институција, член на парламент, на општински совет, лица со попреченост кои се експерти во некоја област и сл.).

Цитирањето на лицата со попреченост во новинарските содржини е условено од видот на попреченоста, што е една од причините зошто само во една третина од анализираните содржини во медиумите на македонски јазик имало цитати од овие граѓани. Кај медиумите на албански јазик, каде што во шесте содржини немало ниту еден цитат од лице со попреченост, станувало збор за кратки новинарски жанрови или за поповршни теми. Меѓутоа, во многу мониторирани содржини, особено онаму каде што, на пример, биле пренесени статуси од социјалните мрежи, парафразирани соопштенија, изјави или воопшто немало изјава од лице со попреченост, недостига новинарска иницијатива и ангажман за да се пренесе мислењето на лицата на кои се однесува самиот прилог или текст.

Тонот на новинарското известување бил најчесто неутрален или позитивен и ниту еднаш негативен, што упатува на заклучокот дека новинарите од овој аспект се посветени и сензитивни при покривањето на оваа категорија граѓани. Меѓутоа, и покрај ова, треба да внимаваат на употребата на коректната терминологија и да ги поттикнуваат подолгите новинарски форми на известување, бидејќи сите овие елементи заедно влијаат врз јавното мислење и „нормализацијата“ на дискурсот кога станува збор за овие лица.

Интервјуата со претставници на граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост, релевантните институции и медиумите ги потврдуваат наодите од мониторингот. Тие посочуваат дека најчесто граѓанските организации ги иницираат контактите со медиумите, преку информирање за активности, проекти и настани. Дел од организациите сметаат дека одѕивот и одговорот на медиумите е позитивен и задоволителен и имаат воспоставено пријателски однос со одредени новинари со кои одржуваат континуирана комуникација. Забелешките, пак, се однесуваат на тоа дека новинарите недоволно ги разбираат правата, проблемите и предизвиците на лицата со попреченост, немаат доволно знаења или информации за оваа категорија граѓани, а медиумското известување е често ограничено и сувопарно, наместо продлабочено и сестрано. Новинарите понекогаш доаѓаат на настани неинформирани и неподготвени да направат добра сторија, но има и новинари што имаат големо искуство во информирањето за теми што се поврзани со лица со попреченост и соработката со нив е особено важна. Поради тоа, неопходна е едукација на медиумските работници во насока на унапредување на инклузивното новинарство, со цел тие да можат во известувањето да го вклучат социјалниот модел и пристапот заснован врз човековите права. Потребно е да се подигнува свеста и знаењето за темата и на уредниците во редакциите, бидејќи тие ги носат одлуките за тоа што ќе влезе на дневната агенда на настани и за начинот на обработка на темата.

Локалните граѓански организации што работат на локално ниво имаат проблем во комуникацијата со националните медиуми. И покрај напорите за стапување во контакт со нив, тие многу слабо известуваат за активностите на локално ниво, посочуваат претставници на граѓанските организации. Поради тоа, соработката меѓу граѓанските организации и дописниците на медиумите што емитуваат и имаат досег на национално ниво е особено важна од аспект на споделување информации, знаења и ресурси.

Соговорниците во интервјуата сметаат дека медиумите треба да продуцираат емисии од јавен интерес што би ги акцентирале квалитетите на животот со попреченост, без притоа

да ја акцентираат попреченоста и да обезбедат поголема застапеност на темите што се важни за овие лица. Само една телевизија има обезбедено толкувач од знаковен јазик на централните вести, а некои медиуми, пак, обезбедуваат ваква можност во одредени ситуации (на одредени емисии, прилози, за време на изборни периоди итн.). Ова треба да стане редовна практика на медиумите, односно тие треба да ги приспособат програмските содржини да бидат пристапни за глувите лица. На тој начин ќе се дејствува и врз јавната свест и генерално врз општествениот пристап кон овие лица.

Соговорниците ги потврдуваат наодите од мониторингот дека во медиумското известување сè уште е присутна застарената терминологија, како и „милосрдниот" пристап, кој делува навредувачки затоа што се нагласува инвалидноста, а не можностите на лицето. Вистинскиот агол на приказните за лицата со попреченост, според интервјуираните, е да се истакнат позитивните вредности, потенцијалите на лицето со попреченост и сферите во кои лицето е докажано или може да се докаже како успешно, вреднувано и почитувано. Новинарите треба да се фокусираат на правата што државата е должна да ги обезбеди и да ги оствари.

Како позитивно во новинарското известување се истакнува тоа што некои медиуми и новинари обработуваат позитивни теми со соговорници што се подготвени да зборуваат за своите потреби и права. Сепак, заклучокот е дека добрата новинарска практика во известувањето, во суштина би подразбирала „отворање" на сите програмски содржини за лицата со попреченост и нивно вклучување во образовните, информативните и во културните содржини на медиумите, со што тие нема да бидат застапени само во специјализираните емисии или, пак, да им се обраќаат само на оние што се засегнати од темата.

7. Препораки

1. Покривањето на темите поврзани со лицата со попреченост треба значително да се подобри и во однос на квантитетот и во однос на квалитетот, и кај медиумите на македонски и кај медиумите на албански јазик. Во таа насока треба да се сензитивизираат и самите новинари, но и уредничкиот и менаџерскиот кадар во медиумите.

2. Новинарите треба да покажат поголем ангажман и иницијативност во идентификувањето теми поврзани со лицата со попреченост и нивно конзистентно покривање, сè до иницирање реакции од институциите и разрешување на евентуалните проблеми. Освен вести, извештаи и социјални стории, новинарите треба да продуцираат стории што ќе бидат обработени преку подолги и аналитички жанрови, онаму каде што условите го дозволуваат тоа.

3. Потребно е да се подига свеста на новинарите и на уредниците за употреба на коректна терминологија во однос на лицата со попреченост, наместо застарената терминологија (лица со посебни потреби, инвалидни лица, инвалиди, лица со хендикеп), а граѓанското општество треба да пружи поддршка во овој процес.

4. Новинарите, кога тоа го дозволуваат условите, треба да вклучуваат повеќе соговорници во подготовка на содржините што се однесуваат на лицата со попреченост (лица со попреченост, граѓански организации што ги застапуваат овие лица) за да се обезбеди афирмативно потенцирање на стручноста на лицата со попреченост.

5. При известување за лицата со попреченост, новинарите треба да го поттикнуваат дискурсот на „нормализација" во однос на овие теми. Преку примена на принципите на „инклузивното новинарство" тие треба да бидат вклучени во различни теми и содржини што ги продуцираат медиумите, наместо да се фокусираат на случаите кога треба да се истакнат проблеми, предизвици или достигнувања на овие лица.

6. Медиумите треба да ја претставуваат различноста во рамките на темите што се однесуваат на лицата со попреченост, а особено на жените и децата со попреченост, како и на повеќекратно маргинализираните групи, какви што се припадниците на етничките групи со попречености. Ова придонесува на овие граѓани да се гледа како на некои што имаат еднакви права и потреби како и другите.

7. Медиумите треба да отстапат поголем простор во своите програми за емитување теми, вести или информации што се однесуваат на лицата со попреченост, во насока на унапредување на новинарскиот и медиумскиот пристап кон овие лица. Новинарите треба да имаат пристап кон лицата со попреченост од аспект на принципите на еднаквост и инклузија во сите сегменти од општественото живеење, а не врз основа на сожалување и милосрдие.

8. Медиумите треба повеќе да ги презентираат можностите и капацитетите на лицата со попреченост, а во однос на проблемите со кои тие се соочуваат, треба да се насочат кон барање одговори и решенија од институциите, граѓаните и од јавноста. Медиумите треба да овозможат пристапност на своите содржини во формати што се погодни за лица со различен вид попреченост, како и да обезбедат пристапност за лицата со попреченост во своите објекти.

9. Потребни се повеќе специфично насочени и континуирани обуки за новинари, на кои тие суштински би се запознале со проблемите, предизвиците, правата и општо со областа што се однесува на лицата со попреченост. На тој начин би се овозможило практикување на инклузивното новинарство во редакциите, преку кое би се унапредила и општата слика и прифаќањето на лицата со попреченост во општеството.

10. Темите поврзани со маргинализираните групи, вклучително и лицата со попреченост, треба да станат дел од наставните програми на факултетите за новинарство, со цел идните новинари поблиску да се запознаат со областа. Во оваа насока може да се поттикнува соработката меѓу факултетите и граѓанските организации, чии претставници може да придонесат со знаење, експертиза и ресурси од оваа област.

11. Соработката меѓу медиумите и граѓанските организации треба дополнително да се унапредува и да се развива, преку различни механизми и активности. Медиумите можат да генерираат теми, идеи, експертиза од граѓанските организации. На граѓанските организации, пак, медиумите им се потребни за да можат подобро да се промовираат, да ја претстават својата работа, своите членови, заложби и иницијативи.

12. Потребна е почеста и ефективна комуникација меѓу граѓанските организации што ги застапуваат лицата со попреченост и медиумите преку развивање различни механизми на соработка (директна комуникација, специфично насочени обуки, настани и слично). Дополнително, граѓанските организации треба да имаат поактивен пристап во јавноста за да се изборат за реализација на барањата за подобрување на правата и положбата на овие граѓани, бидејќи медиумите можат да придонесат одредени прашања побрзо да бидат разгледани и разрешени од политичарите.

Листа на извори

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, „Податоци за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици“ (четврти квартал 2019), Скопје: ААВМУ.
Достапно на: www.bit.ly

IREX, Media Sustainability Index 2019, “Macedonia”, стр. 75-88.
Достапно на: www.irex.org

Листа на интервјуа:

Претставници на граѓански организации:

1. **Горан Сачевски,** активист во Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, Струмица
2. **Маргарита Гулевска**, директорка на Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“
3. **Стерја Димов,** генерален секретар на Националниот сојуз на слепи лица на Македонија
4. **Томица Стојановски,** претседател на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Република Северна Македонија
5. **Александар Панајотов,** Натура МК Скопје
6. **Бранимир Јовановски,** претседател на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија

Претставници на релевантни државни институции:

1. **Душан Томшиќ,** советник на министерката за труд и социјална политика и координатор за развој на социјални услуги во Министерството за труд и социјална политика.
2. **Лидија Крстевска Дојчиновска,** државен советник во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија и член на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост
3. **Теодор Богоевски,** советник за лица со попреченост во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.
4. **Вангел Тркаљанов,** советник во Кабинетот на министерката за труд и социјална политика
5. **Мирјана Златанова,** советник за ученици со посебни образовни потреби при Секторот за средно образование, образование за возрасни и доживотно учење во рамките на Министерството за образование и наука
6. **Елеонора Панчевска Николовска,** раководител на Одделение за социјална, здравствена и детска заштита – Сектор за јавни дејности при Град Скопје.

Претставници на медиуми:

1. **Хекуран Акифи,** новинар, емисија „360 степени“ на ТВ Алсат-М
2. **Зоран Андонов,** новинар, портал „Сакам да кажам“ (СДК.мк)
3. **Вања Мицевска,** новинар, Радио Канал 77, радио на национално ниво
4. **Марија Башеска Стојановска,** новинар и толкувач на знаковен јазик во ЈРС Македонска радио-телевизија
5. **Сунаи Сабриоски,** новинар, ТВ 24
6. **Чедомир Шопкиќ,** новинар во Македонско радио, емисија за лица со попреченост „Панта реи“

Оваа публикација е изработена од Институтот за медиуми и различности (МДИ), Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Националниот совет на инвалидски организации на Македонија (НСИОМ), како дел од проектот „Попреченоста е прашање на перцепција“, што е финансиран од Европската Унија.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е одговорност единствено на Институтот за медиуми и различности (МДИ) и на никаков начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.